СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Арх.бр. УП1-15 516/2021
Дата...23-04-2021

Врз основа на член 88 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15 и 76/20), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.39/04) и член 42 став 9 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за Услови за планирање на просторот**

1. Со ова Решение на Општина Штип, се издаваат **Услови за планирање на просторот со намена за изработка на проектна документација за изградба на систем за водоснабдување на м.в. Кавкалија и дел од УЕ 16, 17, 19 и 22, КО Штип 6, Општина Штип.**

**Системот се состои од резервоар и доводен цевковод на дел од КП 3620/1.**

**Условите се изработуват за дел од цевководот кој се наоѓа надвор од планскиот опфат за кој се издадени „Услови за планирање на просторот за изработка на ГУП Штип" со тех.бр. У04013.**

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех.бр. Y02821** се составен дел на Решението.

3. Услови за планирање на просторот за изработка на проектна документација за изградба на систем за водоснабдување (резервоар и доводен цевковод на дел од КП 3620/1) на м.в. Кавкалија и дел од УЕ 16, 17, 19 и 22, КО Штип 6, Општина Штип, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.

4. При изработка на планската документација локациите за сите содржини треба да се бараат исклучиво на површини од послаби бонитетни класи. Приоритет


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

е заштита на земјоделското земјиште, а особено стриктно ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

5. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработка на предметната документација за изградба на систем за водоснабдување (резервоар и доводен цевковод на дел од КП 3620/1) на м.в. Кавкалија и дел од УЕ 16, 17, 19 и 22, КО Штип 6, Општина Штип, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во Законот за животна средина ("Сл.весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) како и подзаконските акти донесени врз основа на истиот.

6. Органот кој го подготвува планскиот документ е должен да донесе Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена во која се образложени причините за спроведувањето, односно не спроведувањето согласно со критериумите врз основа на кои се определува дали еден плански документ би можел да има значително влијание врз животната средина и врз здравјето на луѓето.

При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за **предметната документација за изградба на систем за водоснабдување (резервоар и доводен цевковод на дел од КП 3620/1) на м.в. Кавкалија и дел од УЕ 16, 17, 19 и 22, КО Штип 6, Општина Штип**, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

**Општина Штип**, врз основа на член 42 став 4 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20), со постапка бр. 34020 од 11.02.2021 год. до Агенцијата за планирање на просторот, преку електронскиот систем е-урбанизам, достави барање за издавање на Услови за планирање на просторот со намена за изработка на проектна документација за изградба на систем за водоснабдување на м.в. Кавкалија и дел од УЕ 16, 17, 19 и 22, КО Штип 6, Општина Штип. Системот се состои од резервоар и доводен цевковод на дел од КП 3620/1.


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Република Северна Македонија

**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut

**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Согласно член 42 став 8 од Законот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РСМ" бр. 32/20), Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот за изработка на проектна документација за изградба на систем за водоснабдување (резервоар и доводен цевковод на дел од КП 3620/1) на м.в. Кавкалија и дел од УЕ 16, 17, 19 и 22, КО Штип 6, Општина Штип и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 516/2021 од 12.04.2021 година.

**Условите за планирање на просторот за изработка на проектна документација за изградба на систем за водоснабдување (резервоар и доводен цевковод на дел од КП 3620/1) на м.в. Кавкалија и дел од УЕ 16, 17, 19 и 22, КО Штип 6, Општина Штип, претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.**

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија, претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општа управна постапка ("Сл. весник на РМ" бр. 124/15 и 76/20), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова Решение на **Услови за планирање на просторот со намена за изработка на проектна документација за изградба на систем за водоснабдување на м.в. Кавкалија и дел од УЕ 16, 17, 19 и 22, КО Штип 6, Општина Штип (системот се состои од резервоар и доводен цевковод на дел од КП 3620/1)** и одлучи како во диспозитивот.

**Упаство за правно средство**: Против ова Решение засегнатата јавност и органот кој го подготвува планскиот документ може да изјави жалба во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на ова Решение до Државната Комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Република Северна Македонија Министерство за животна средина и просторно планирање Скопје
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut

МИНИСТЕР
Naser Nuredini

Изготвил: Дајана Марковска Ристеска
Д. Марк.

Одобрил: Неби Реџепи


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
**Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје**
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
**Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup**
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk